## Патологијата – нашата единствена кауза

**(Повод: Кој се изрезили со Венеција? „Дневник“ од 22 април)**

Иницирана од писмото на Лилјана Неделковска, кустоска во МСУ, чија полемика е насочена кон историчарот на уметноста З. Теодосиевски, а во која спомнува и "демократска фарсична комисија и фарсичен извештај", чувствувам лична одговорност како претседателка на комисијата да ѝ одговорам на колешката Неделковска на некои нејзини заблуди и забелешки упатени на нашата адреса.

Би сакала да ја потсетам колешката дека таа, како кураторка на проектот на МСУ, можеше навреме да достави приговор до комисијата и да го добие официјалниот одговор на сите спорни прашања со кои е засегната лично таа или нејзината институција. Во извештајот е посочено дека гласањето беше тајно, т.е. демократско. Жал ми е што колешката се сомнева во веродостојноста на тој принцип. Но, морам да признаам дека јас лично немам соодветни механизми со кои би можела да ја разубедам и да влијаам на нејзиниот скептицизам. Тој начин на гласање комисијата едногласно го избра токму за да го заштити секој свој член од можните манипулации и да му овозможи слободно, непристрасно и без притисок да го искаже својот став.

За забелешката на Неделковска за причината што "нема ниту еден стручен збор зошто комисијата гласала така": колешката би требало да знае и да верува дека комисијата не напишала ниту еден стручен збор токму поради процедурата, односно методологијата на гласањето. Јас како претседателка на комисијата по тајниот принцип на гласањето нелогично би било да ги прашам членовите кој за кого и зошто гласал така како што гласал, зашто на тој начин директно би ги нарушила демократските принципи. Сметам дека тајното гласање и стручниот коментар по него се противречни, особено што одбраниот проект не беше едногласно избран, туку од можните 5 гласа доби три.

Исто така во интерес на вистината би сакала да ја известам Неделковска дека овој состав на комисијата беше избран исклучиво од министерот за култура.

Обвинувањето дека комисијата "не чувствувала ни потреба нешто посебно да дискутира за проектот на МСУ" е сосема неоправдано, зашто комисијата токму на овој проект најмногу му посвети внимание разгледувајќи го и дискутирајќи во два наврата, во двата дена од работата, пред донесувањето на одлуката.

Но, сепак можам да констатирам дека сè што се случуваше во изминативе недели во врска со националната апстиненција на 48. Венециско биенале индицираат исклучиво на нашата провинцијална, ментално кородирана и етички атрофирана структура. Без трошка разбирање, достоинство и почит кон Другиот, на површина излегоа многу лични фрустрации заемно предизвикани од нашата первертирана алчност, суета и вечна глад за доминација и елиминација на Другиот. Од сè што се случуваше, за жал произлегува дека во тој затворен круг сите сме исполнети со самоизмама, рамноправно задоволни, еднакво среќни што работиме во полза на нашата патологија, која е единствената наша кауза. На сметка на индивидуалното понижување, нејзиниот краен и траен резултат е колективната самоизолација и губитништвото.

Никој во оваа средина (особено интелектуалната - културно-научната) не умее да му се поклони, да му се восхити, да го препознае и признае успехот на Другиот. Никој не мисли дека успехот на Другиот е и дел од нашиот личен успех, или дека поразот на Другиот е и наш пораз. Ние кутрите интелектуалци, како што самозадоволно и неуко си се етикетираме (без да го знаеме полното значење на тој поим), си ја храниме суетата, егоизмот и конформизмот и во ова апокалиптичко време, кога државата гази по минско поле, со нашата скудоумност, активно соучествуваме во проширувањето, контаминирање и палењето на деструктивната написла насочена против нашата култура, врз она единствено нешто што нè диференцира и нè идентификува како битија достојни за почит.

**Конча Пиркоска, историчарка на уметноста**

## Нема вирус во компјутерскиот систем на „Киро Дандаро”

**(Повод: Вирусот „Чернобил“ ги уништи компјутерите на РЕК-Битола, печатницата-Киро Дандаро-Битола и Телевизија Тера, „Дневник“ од 29 април)**

АД „Киро Дандаро“-Битола демантира дека компјутерскиот систем е нападнат од вирусот „Чернобил“ или од кој било друг вирус. Нашиот систем функционира без проблеми и до денес поради постојните мерки за одржување тој не работел со застој и никогаш не се губеле податоци. Менде Петковски напишал текст врз основа на непроверени информации и бараме да биде демантиран, зашто сметаме дека неговиот напис е анти-реклама за печатницата.

**Печатница „Киро Дандаро“-Битола**

**Редакцијата на „Дневник“ не се согласува со сите мислења и ставови во рубриките „Колумна“ и „Писма“, но чини сè за тие да ѝ бидат достапни на јавноста. Одредени текстови не се лекторираат заради задржување на автентичниот авторски израз.**

Дневник 30 април '99, 7